Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 82/09, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 ) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.12.2018, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
# ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА

## Вовед

Годишната програма за управување со отпад се изработува согласно законските обврски за управувањето со отпад и со неа се определуваат изворите на финансирање на мерките и активностите, како и инструментите за спроведување на програмата за управување со отпадот.

## Цел на програмата

Општа цел на програмата за управување со отпад на територијата на општина Охрид, е општината да продолжи со систематизирано спроведување на постапни подобрувања на постојниот систем за управување со отпадот.

Специфична цел на програмата е да определи конкретни мерки и активности што треба да се преземат во тековната година за подобрување на општата состојба во управувањето и заштитата на животната средина.

## Предмет на програмата

Со оваа програма се планираат активности за утврдување на :

- кадровски потенцијал за спроведување на активностите согласно програмата;
- проценка на видот и количеството на отпад кој се создава во општината на годишно ниво;
- мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството создаден отпад;
- реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградлив отпад;
- начини за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните за управувањето со отпадот;
- реализација на мониторингот и информативниот систем за управување со отпад;
- регионален пристап во управувањето со отпадот;
- подобрување на работата на општинската депонија и
- извори на финансирање на програмата.

## 1. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата

Активностите на оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид, согледувањата на стручните служби, потребите и барањата на граѓаните на општина Охрид, како и развојот на туризмот.

Надлежни за изработката на оваа програма се стручните служби од Одделението за управување со отпад и регионални депонии, а ја спроведува

ЈП„Охридски комуналец“, како овластен оператор за постапување со комуналниот и другиот неопасен отпад, во соработка со Општина Охрид.

## 2. Проценка на видот и количеството на отпад кој се создава во општината на годишно ниво

ЈП„Охридски комуналец“ – Охрид врши организирано собирање на комуналниот отпад на подрачјето на градот Охрид, како и во населените места, односно подрачјето на градот Охрид, викенд –населбите : Лагадин, Елешец, Исток и селата: Пештани, Трпејца, Љубаништа, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Рача, Коњско, Лескоец, Велгошти, Косел, Ливоишта, Вапила, Опеница, Куратица, Елшани, Велестово, Орман и Св.Наум.

Собирањето на отпадот во општина Охрид во 2019 година ќе се врши секојдневно во потесното централно градско подрачје, а во останатите делови од градот двапати неделно, согласно распоредот. Во текот на летната сезона во потесното централно градско подрачје подигањето на комуналниот отпад се врши и три пати дневно.

Собирањето на отпадот се врши во 732 контејнери со зафатнина од 1.1 $м^3$ наменети за објектите за колективно домување и комерцијални објекти, како и поединечно ( рефус ) по индивидуалните станбени објекти. Исто така на две локации каде има комплекси на колективно домување има поставено 2 прес-контејнери од 4 $м^3$ каде се врши пресување на отпадот и еден подземен контејнер со капацитет од 3 контејнери од по 2,7 $м^3$ на една најфрекфентна локација во централното градско подрачје, со што како примарна цел, во голема мера ќе се подигне степенот на хигиена, а како секундарна цел ќе се придонесе во заштита на животната средина.

| Вид на отпад | Количина на примен отпад год. | Понатамошно постапување |
|---|---|---|
| измешан комунален отпад | 237.262 $м^3$ | депонирање |
| габаритен отпад | 1.352 $м^3$ | депонирање |
| биоразградлив отпад | 1.900 $м^3$ | компостирање |
| градежен шут | 2.606 $м^3$ | депонирање |
| хартија | 254 t | понатамошна преработка |
| пластика ПЕТ | 3,30 t | понатамошна преработка |

*Табела*: проценети количини на рециклабилни фракции од комуналниот цврст отпад кои се генерираат во општина Охрид на годишно ниво.
( податоците се добиени од Полугодишниот извештај за 2018год. за постапување со неопасен отпад од Ј.П.„Охридски комуналец“).

Од табелата е евидентно зголемувањето на отпадот кој се користи за понатамошна обработка, но сепак целосна искористеност на рециклабилните фракции е можна само со комплетно воведување на системот на примарна и секундарна селекција.

Во текот на 2019 година се планира да се набават : 100 контејнери 1,1 $m^3$, 500 садови за депонирање отпад со капацитет од 120 l и 200 садови со капацитет од 240 l. Исто така е предвидено поставување на 3 прес- контејнери, а на просторот околу нив ќе се направат зелени острови со што ќе се подигне

нивото на хигиената и ќе се придонесе за заштита на околната средина од загадување. Исто така одредени се нови 10 локации за поставување на прес - контејнери и 15 локации за поставување на  подземни контејнери, за кои е предвидено да се изработи техничка документација и да се аплицира за добивање на средства за нивна изградба.

Во делот на одржување на јавната хигиена, по јавно - прометните површини на пофреквентните локации ќе се постават нови 150 садови за ситен отпад. Ќе се продолжи одржувањето на јавната чистота и на следните магистрални патишта: Охрид – Подмоље, Охрид – Св.Наум и Охрид – Косел.

Според годишниот календар ќе се организираат  акции за подигање на кабаст и зелен отпад во пролетниот и есенскиот период, а сè со цел да се избегне создавањето на мини-депонии.

**Календар за 2019 год.**
**на акциите за подигање кабаст и зелен отпад**
**во централното градско подрачје**

| **Бр.реон** | **Име на реон** | **Датум на акција за кабаст** | **Датум на акција за зелен отпад** |
|---|---|---|---|
| 1. | УЗ .1 Стар град | 30.03.2019<br>07.09.2019 | 25.05.19 |
| 2. | УЗ.2 Реон опафатен со граници на ул.„М.Просвеетители“„Партизанска“, „Д.Влахов“,Кеј „Македонија“населба „Охридати“ | 06.04.2019<br>14.09.2019 | 01.06.19 |
| 3. | УЗ.8 „Билјанини извори “<br>УЗ.9 „8 Септември“ | 13.04.2019<br>21.09.2019 | 08.06.19 |
| 4. | УЗ.12 „Гоце Делчев“ ( нас.„Бараки“)<br>УЗ.15 „15 .Корпус“, УЗ.17 Студенчишта | 20.04.2019<br>28.09.2019 | 15.06.19 |
| 5. | УЗ.10 и УЗ.6 „Горна влашка маала“, нас. „Х.Узунов“, „Карабегомаала“ | 27.04.2019<br>05.10.2019 | 02.11.19 |
| 6. | УЗ.3  населби „Кошишта“,УЗ.4 „Воска“, „Даљан“ и УЗ. 5 „Лескајца“ | 04.05.2019<br>12.10.2019 | 09.11.19 |
| 7. | УЗ.11 „Видобишта „<br>УЗ.7 „7. Ноември“ | 11.05.2019<br>19.10.2019 | 16.11.18 |
| 8. | УЗ.14 „Радојица Новичиќ “<br>УЗ.13 „Железничка“ | 18.05.2019<br>26.11.2019 | 23.11.18 |

Треба да се напомене дека подигањето се врши и на повик на граѓани, а сите овие активности се прилагодени на инфраструктурните претпоставки на градот, потребите на корисниците на услугите, концентрацијата на населението и степенот на развиеност на екокултурата и секако потребите на Општина Охрид како туристички центар.

Собраниот отпад ЈП„Охридски комуналец“- Охрид го депонира на депонијата „Буково“ и во неа дневно се депонираат околу 700 м$^3$ пресован комунален отпад, додека во летниот период достигнува и до 1.100 м$^3$ или околу 270.000 m$^3$ комунален отпад годишно.

Искуствено гледано, според анализите и извештаите за собраните количества отпад од минатите години, во 2019 година се планира да се подигне околу 290.000 $m^3$ комунален отпад на територија на општина Охрид.

### 3. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството создаден отпад

Постојната состојба во управувањето со комуналниот отпад се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање во општинската депонија. Дел од комуналниот отпад, односно ПЕТ амбалажата и хартијата се селектираат, преку нивно собирање во 63 контејнери за ПЕТ амбалажа како и 40 корпи од мрежа за собирање хартија кои се поставени во делови од градот каде фрекфенцијата на домување е поголема во колективни станбени објекти.

Во 2019 година се планира обновување на постоечките и поставување на дополнителни 70 контејнери за ПЕТ амбалажа и 30 корпи од мрежа за депонирање на картонска амбалажа. Нови контејнери за ПЕТ амбалажа ќе се постават и во дворните места од училиштата кои немаат вакви контејнери. Исто така овластен приватен постапувач со отпад со кој Јјавното претпријатие има склучено договор за подигање на селектиран отпад има поставено 13 контејнери за ПЕТ амбалажа и 15 контејнери за стакло на најфрекфентните локации во градот. Во 2019 год. ќе се постават уште 30 контејнери за ПЕТ амбалажа и стакло, а ќе се врши и селекција на стаклена амбалажа по сите угостителски објекти.

Собирањето на овие секундарни суровини се врши со динамика на подигање двапати на ден, наутро и навечер, на сите пунктови каде има поставено контејнери за таа намена, како и на повик за поголема количина хартија и ПЕТ и стаклена амбалажа од претпријатија.

Со оваа динамика и покриеност на градот со контејнери за ПЕТ амбалажа и корпи за хартија неделно се собира хартија во количина од 3.300 – 3.500 кг и околу 200 кг. ПЕТ амбалажа кои се балираат со 1 балирка од 6 KV.

Во наредниот период ќе се набават 7 специјални комунални возила: 2 возила за подигање на комунален отпад од 3 $m^3$, 2 возила од 8 $m^3$, едно возило за подигање на комунален отпад од 20 $m^3$, како и цистерна на миење улици со капацитет од 8.000 l I и едно возило - трактор, со што треба да стане поефикасно подигањето на отпадот на територија на општина Охрид, а со тоа да се подигне нивото на хигиена на повисоко ниво.

Согласно законската регулатива Општина Охрид заедно со Јавното претпријатие определија две локации за одделно собирање на отпадна електронска и електрична опрема од домаќинствата каде крајните корисници ќе можат отпадната опрема бесплатно да ја предаваат. Собирните места се наоѓаат во просторот на Јавното претпријатие, односно на локација на РЕ „Механизација“ каде се врши и собирање и балирање и на отпад од пакување, односно хартија и ПЕТ амбалажа, како и еден контејнер за одделно собирање на отпадна електрична и електронска опрема на локација на РЕ „Паркови и зеленило“, од каде го подига овластен постапувач со тие видови отпад.

I. Замена и поправка на искористени садови за собирање на отпад од 1,1 $м^3$ и набавка на специјални возила за подигање на комунален отпад.

Ќе се продолжи со редовно одржување на контејнерите, заради тоа што на голем број контејнери им се отстранети капаците што овозможува емисија на

непријатна миризба. Исто така редовно се врши замена на скршени и оштетени тркалца.

За осовременување на начинот на собирање на комуналниот отпад се изврши избор на локации на кои во наредниот период ќе се поставаат подземни контејнери со што се осовременува начинот на собирање на комуналниот смет, на начин што од една страна со нивно пресување се остварува голема заштеда како во капацитетот на традиционалните контејнери за смет, така и во транспортните трошоци, а од друга страна се подобруваат хигиенско – санитарните услови, заради тоа што нема непријатни миризби и нема разнесување на отпадот.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Поправка и одржување на контејнери ( поставување на капаци, замена на тркалца, репарирање на оштетувањата) | ЈП„Охридски комуналец“ -континуирано |
| Набавка на 100 нови контејнери | ЈП„Охридски комуналец“ |
| Собирање на отслужени контејнери и поставување нови | ЈП„Охридски комуналец“ |
| Изработка на техничка документација за подземни контејнери | Општина Охрид ЈП„Охридски комуналец“ |
| Набавка на специјални комунални возила | Општина Охрид |

II.Набавка на стандардизирани садови за отпад

Согласно проектот на Министерството за животна средина и просторно планирање за изработка на регионалните планови за управување со отпад во Југозападниот плански регион, во 2019 година треба да се спроведе Проект за селекција на отпадот од домаќинствата и правните субјекти со цел истиот да се селектира уште на прво ниво, кај корисникот. Така ќе се намали количеството на создаден отпад, истиот ќе се користи како секундарна суровина, што пак ќе продуцира економски бенефит. Тоа ќе придонесе и намалување на количината на генериран отпад кој треба да се транспортира на депонија, со што ќе се намалат и оперативните трошоци. Секако најголема придобивка од селектирањето на комуналниот отпад е заштитата на животната средина.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Изготвување на Проект | Општина Охрид ЈП„Охридски комуналец“ |
| Набавка на канти од 120 l и 240 l | ЈП„Охридски комуналец“ -континуирано |
| Дистрибуција на канти | ЈП„Охридски комуналец“ |

III.Постапување со отпад од електрична и електронска опрема

Ќе се продолжи со воспоставените активности за постапување со отпадот согласно обврските од Законот за постапување со електрична и електорнска опрема и отпад од електрична и електронска опрема кој ќе се преземе, транспортира и згрижи од страна на колективен постапувач.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Организирање на собирна акција | Општина Охрид<br>Колективен постапувач |
| Собирање на отпадот по барање на правни и физички лица | ЈП „Охридски комуналец“<br>-континуирано |

IV.Годишна акција за собирање на габаритен и зелен отпад

Според годишниот календар ќе се организираат акции за подигање на кабаст и зелен отпад во пролетниот и есенскиот период, а сè со цел да се избегне создавањето на мини -депонии.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Спроведување на акцијата (преземање на отпадот и транспорт до депонија, третирање на отпадот ) | ЈП „Охридски комуналец“ |
| Собирање на отпадот по барање на правни и физички лица | ЈП „Охридски комуналец“<br>-континуирано |

V. Расчистување на диви депонии

Ќе се спроведат активности за расчистување од отпад на простори во населени места, урбана средина, на патиштата и во природата. Со санација и расчистување на дивите депонии ќе се растерети животната средина од отпад.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Организирање на акции за собирање на отпад со ученици и здруженија на граѓани | Општина Охрид |
| Санирање на дивите депонии во населени места (преземање на отпадот и транспорт до депонија, третирање на отпадот ) | Општина Охрид<br>ЈП„Охридски комуналец“<br>-континуирано |
| Чистење на простори во урбана средина, на патишта и во природа од отпад ( околу контејнери, по банкини, пешачки патеки, плажи кои не се по концесија ) | Општина Охрид<br>ЈП„Охридски комуналец“<br>-континуирано |

VI. Оперативност на собирниот центар за отпад од пакување

Собирниот центар обезбедува континуирани активности за сортирање, балирање, мерење и складирање на отпадот до негово предавање на овластен постапувач, подготовка на документација за колективниот постапувач, како и одржување на опремата.

Собирањето на овие секундарни суровини се врши со динамика на подигање двапати на ден, наутро и навечер, на сите пунктови каде има поставено контејнери за таа намена, како и на повик за поголема количина хартија и ПЕТ и стаклена амбалажа од претпријатија.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Склучување на договор/и со овластен постапувач/и за отпад од пакување | ЈП „ Охридски комуналец“ |
| Обезбедување на непречена функционалност на собирниот центар со целокупната опрема | ЈП „Охридски комуналец“ |
| Предавање на отпадот на овластени постапувачи и изготвување на документација за известување и евиденција | ЈП „ Охридски комуналец“ |
| Склучување на договори за прифаќање на донација - контејнери за селекција | Општина Охрид |

## 4. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградлив отпад

Третманот на органски отпад, односно на органската фракција од комуналниот цврст отпад на територијата на општина Охрид се сведува на негово собирање, транспортирање и депонирање заедно со другите фракции од комуналниот цврст отпад. Органскиот отпад од комуналниот цврст отпад не се одвојува, додека органскиот отпад кој се генерира во земјоделството, поради непокриеноста на руралниот дел од општината за подигнување на овој вид отпад, најчесто се фрла на несоодветни места или пак се гори. Ваквите начини на постапување со овој вид отпад се голем ризик за животната средина и директно придонесува кон загадување на почвата, водите и воздухот.

Врз основа на бројот на жители, може да се констатира дека годишната продукција на биоразградлив отпад од домаќинствата во општина Охрид е приближно 1.900 м$^3$. За добивање на попрецизна слика треба да се земе предвид и продукцијата на биоразградлив отпад кој потекнува од земјоделски активности како и биоразградливиот отпад кој се создава при редовно одржување на парковите и зелените површини на територија на општината.

Речиси најголем дел од комуналниот отпад припаѓа на органскиот – биоразградлив отпад, кој го вклучува и земјоделскиот отпад. Заради неселектирањето на биоразградливиот отпад во урбаниот дел од општината, исто како и од руралните средини, биоразградливата фракција завршува на депонија, со што се намалува капацитетот и експлоатациониот период на депонијата, а исто така и одлагањето на органската фракција на отпадот на депонија, резултира со бројни проблеми по животната средина (емисии на стакленички гасови,

создавање депониски исцедок, загадување на почвата и подземните води итн.). Кога на ова ќе се додадат и трошоците за транспортирање и собирање, очигледно е дека има потреба од правилен третман на биоразградливиот отпад, односно од негово компостирање или преработка во биогориво.

Современите трендови и законски решенија од областа на управување со отпадот наметнуваат решенија за намалување на создавањето на отпад, негова реупотреба, рециклирање и искористување на енергетската вредност како предност во однос на депонирањето на отпадот.

Депонирањето на органскиот отпад треба да биде последна опција во третманот на отпадот и неговиот третман треба да се пренасочи надвор од депониите, односно со негово компостирање тој да се преработи како високо квалитетен подобрувач на почвата ( компост ) или да се искористи за добивање на биогориво.

Системот треба да овозможи сепаратно собирање на органскиот отпад и со оглед дека истиот претставува секундарна суровина воспоставувањето на одржливо управување со отпад мора да воведе оптимално искористување на потенцијалните ресурси на отпадот како замена за необновливите природни ресурси и да придонесе за намалување на емисиите на стакленички гасови, земајќи ги предвид економските, еколошките и социјалните аспекти. Отпадот кој може да се депонира на депонија треба да биде стабилизиран, неактивен материјал со цел да се намали мобилноста на штетните материи како и нивните емисии во почвата, воздухот, водата и надвор од капацитетите.

За таа цел во рамки на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Р. Македонија и Р.Грција *INTERPREG IPA* 2 2014-2020, ЈП „Охридски комуналец“ заедно со Факултетот за информатички науки и технологии „Св.Апостол Павле“ аплицираше за проектот „Одржливо управување и третман на биоотпад со користење на методи за производство на биогориво“ и доби грант во износ од 512.855 евра. Во 2019 година заедно со Општина Охрид ќе се изработи целата потребна документација и активности за имплементација на проектот, што ќе придонесе за намалување на количеството на отпад кое се депонира на депонијата, што од друга страна ги намалува трошоците за транспорт и депонирање, а се добива и бенефит од производството на биогориво и еколошката заштита на околината.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Изготвување на планска документација за локацијата каде ќе биде инсталацијата за биогориво | Општина Охрид<br>ЈП„Охридски комуналец“ |
| Имплементација на Проектот | Општина Охрид<br>ЈП„Охридски комуналец“ |

### 5. Начини за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните за управување со отпад

Секоја година Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад организира проекти за подигање на јавната свест, со нагласок на училишната младина како целна група, кај која се очекува најголем ефект. Проектите за подигање на јавната свест предвидени да се организираат во 2019

година и кои наидоа на позитивен ефект во јавноста во претходните години се следните:

- -Акција за собирање стара хартија во соработка со охридските училишта;
- -Акција „Прати слика – пријави отпад“
- -Ликовен и литературен конкурс во соработка со основните училишта на еколошка тема;
- -Изработка на екокалендар за охридските училишта;
- -Повик на граѓаните за одбележување на Европската недела на мобилност – Ден без автомобили;
- -Избор на најубаво украсен двор или балкон и
- -„Цветни балкони, цветен Охрид“.

Општината исто така ќе се вклучи во сите иницијативи за селективно собирање на специјалните текови отпад (отпадни масла, искористени гуми и возила и отпадна електрична и електронска опрема) кои ќе бидат организирани на национално ниво.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|
| Спроведување на акции за подигање на јавната свест (во училишта, градинки и со население) | Општина Охрид |
| Поддршка и спроведување на акција за пријавување на отпад оставен на несоодветни места од несовесни граѓани | ЈП „Охридски комуналец“ |

## 6. Реализација на мониторингот и информативниот систем за управување со отпад

На локално ниво мониторингот за управување со отпад се спроведува преку дневникот за евиденција за постапување со отпад и идентификационите формулари за транспорт и депонирање на отпадот. Со редовно водење на дневникот за евиденција за постапување со отпад на дневна основа се прави месечен извештај, врз основа на кои се изработува годишниот извештај. Овие документи се дел од подзаконскиот акт: Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишен извештај за постапување со отпад.

Исто така во фаза на изработка е регистар на контејнери за отпад, хартија и ПЕТ амбалажа, со што ќе се подобри ефикасноста во процесот на подигање на комуналниот отпад и отпадот предвиден за рециклирање, а со тоа ќе се подигне и нивото на хигиена во општината. Согласно Законот за животна средина ќе се воспостави катастар на загадувачи на воздухот, водите и почвата, со што јавноста ќе биде информирана за инсталациите класифицирани според соодветни дејности кои работат на територија на општина Охрид и кои исполнуваат соодветни еколошки стандарди.

| *Активности* | *Одговорна институција* |
|---|---|

| | |
|---|---|
| | |
| Донесување акти со кои се регулираат селектирањето, собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад | Општина Охрид |
| Спроведување на мониторинг преку водење на дневна, месечна и годишна евиденција во постапувањето со отпадот | ЈП „Охридски комуналец“ |
| Ажурирање на податоци за корисниците на услугата, покриеност на теренот, бројот на склучени договори | ЈП„Охридски комуналец“ |
| Склучување на договори со правни субјекти за собирање отпад од пакување | ЈП„Охридски комуналец“ |
| Мерење на постигнатите резултати за 2018 година – годишен извештај до МЖСПП | ЈП„Охридски комуналец“<br>Општина Охрид |

## 7. Регионален пристап во управувањето со отпад

Општина Охрид како дел од Југозападниот плански регион е вклучена во рамките на проектот „Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелегонискиот, Југозападниот, Вардарскиот и Скопскиот плански регион“, за кој се изработија регионален план, стратешка оцена на животната средина за регионалниот план за управување со отпад, физибилити студија, студија за оцена на влијанието врз животната средина, за воведување на регионален пристап на управување со отпад.

Изработката на документите за регионалниот план ќе послужи за изградба на систем за интегрирано управување со отпад, што подразбира регионална депонија, трансфер-станици и начинот на кој ќе се изведува интегрираниот систем за управување со отпад.

| Активности | Одговорна инситуција |
|---|---|
| Учество во активностите за воспоставување на интегриран и финансиски одржлив систем за управување со отпадот за Југозападен регион | Општина Охрид<br>ЈП„Охридски комуналец“<br>-континуирано |
| Изработка на планска документација за локацијата каде ќе биде изградена претоварната станица | Општина Охрид<br>ЈП„Охридски комуналец“ |

## 8. Подобрување на работата на општинската депонија

Програмата предвидува реализирање на проектни активности за санација и доуредување на депонијата „Буково“. За таа цел  во изминатите години се постави ограда и бетонски столбови во околу цела депонија и се изврши санирање на пристапните патишта. Се постави цистерна за вода за миење на возилата и тркалата при излез од депонијата.

Во 2019 година планирано е континуирано нанесување на слој од тампон и земја за санирање на патната мрежа, како и миење на тркалата од возилата на платформата пред излез од депонијата. Исто така ќе се врши редовно покривање на депонираниот смет со слој од земја со што ќе се спречи можноста од самозапалување на депонијата во летниот период.

Поаѓајќи од законската обврска за 24 часовна чуварска служба се постави монтажна чуварска куќа како и метална рампа за влез и излез на возилата, што обезбедува минимум услови за непречено работење и функционирање на депонијата.Овие активности се предвидени како дел од активностите во процесот на вклучување на Општина Охрид во системот на регионално управување со отпадот,  при што депонијата „Буково “ ќе мора да се затвори и рекултивира.

Во меѓувреме предвидените мерки во однос на рециклирање и компостирање на отпадот, треба да се запазат во целост, како би се намалиле количините на отпад кои се депонирааат.

Со средства од Министерството за животна средина и просторно планирање се изврши расчистување на депонијата „Мауцкер“ и тоа преку рамнење на 16.000 м$^2$ површина, покривање на 7.000 м$^2$ со 2.500 м$^3$ земја и транспортирање на 5.000 м$^3$ шут, не подалеку од 500 м од постојното место (негово зарамнување и покривање со земја ), а градежниот шут времено ќе се депонира на депонијата „Буково “.

| Активности | Одговорна  институција |
|---|---|
| Редовно уредување и одржување на депонија „Буково“ | ЈП„Охридски комуналец“<br>-континуирано |
| Уредување на депонија „Мауцкер“ | Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Општина Охрид<br>ЈП„Охридски комуналец“ |

## 9.Извори на финансирање на програмата

Програмата за управување со отпад се финансира од извори на средства утврдени со Закон, преку планирање на буџетот за 2019 година. Активностите планирани во оваа програма како и остварувањето на истите е поврзано и во зависност со годишната  програма на ЈП„Охридски комуналец“, поради што е неминовна координација на овие програми, како и средства од меѓународни институции – проекти и донации.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-18172/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.12.2018 година** **Претседател**
**О х р и д** **Живка Ангелоска**